Влада на Република Северна Македонија

# ЗАПИСНИК
од Седумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 мај 2021 година

Скопје, мај 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 мај 2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:55 часот.

Со седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, како и Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, членовите на Владата: Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц.д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, , м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа м-р Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување на записниците од 67-та и 69-та седница на Владата, одржани на 27 април 2021 година и 11 мај 2021 година**

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**
- **Агенда Европа дома**
- **Статус на реализација на Рамковниот договор**
- **Статус на реализација на капиталните инвестициии**

1. Записник од Триесет и осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 25 мај 2021 година

2. Информација во врска со спроведената постапка за јавна набавка на услуги за ревизија на Годишната сметка за 2020 година за потребите на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со Предлог-одлука

3. Предлог - програма за изменување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2021 година

4. Информација во врска со Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштво за производство и трговија Ки Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Кичево и Ки Сејфти Системс Луксембург С.а.р.л, бр.03-174/1 од 22.1.2015 година и Анекс договор 1 со бр.13-1600/1 од 14.11.2016 година, со Предлог – одлука

5. Годишен извештај за деловна активност на Фондот за осигурување на депозити за 2020 година, Годишната сметка на Фондот за осигурување на депозити за 2020 година, финансиските извештаи на Фондот за осигурување на депозити за 2020 година, финансиските извештаи и Извештајот на независните ревизори на Фондот за осигурување на депозити на 31.12.2020 година, со предлог-одлуки

6. Информација за потреба од донесување на Одлука за предавање на недвижност - градежно земјиште во владение на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост, со Предлог – одлука

7. Барање на согласност за префрлање на салдото во износ од 12.100.000,00 денари од наменска сметка за блок дотации од Буџетот на Република Северна Македонија, намалено за износот на пријавените неизмирени обврски на јавните установи, на сметка на основниот буџет за финансирање на надлежностите на Општината

8. Барање согласност за префрлање на вишок на средства од сметката за блок дотации на сметката на основниот Буџет на Општина Куманово за 2021 година, со Одлука за префрлање на вишок на средства од сметката за блок дотации на сметката на основниот Буџет на Општина Куманово за 2021 година, донесена од Советот на Општина Куманово

9. Извештај за реализирана Годишна програма за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2020 година

10. Информација за доставување Извештај за статус на реализирани младински политики од Програмата на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година

11. Предлог за поведување постапка за водење преговори за склучување Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Португалската Република за размена и заемна заштита на класифицирани информации, со Нацрт-текстот на Договор

12. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово

13. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Берово

14. Информација по повод судскиот предмет по тужбата на тужителот Република Северна Македонија против тужените Министерство за економија од Скопје и АД за промет и услуги УСА МАК Скопје од Скопје заведен под број.51-ТС-239/18 пред Основен граѓански суд Скопје (П бр.1174/14)

15. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП 03-51/21 ДП Охрид)

16. Информација за јавните здравствени установи за кои се предлага Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да обезбедува средства за нивно функционирање со показатели за нивната финансиска состојба во 2020 година, со Предлог - одлука

17. Информација за добивање на согласност од Владата на Република Северна Македонија за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог - одлука

18. Предлог - одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

19. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва

20. Предлог - уредба за изменување на Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2021 година

21. Предлог - уредба за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2021 година

22. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – алувијално злато на локалитетот „Коњска Река“ Општина Гевгелија, со предлог-одлуки

23. Информација за формирање на комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Остра Чука“ с.Дебреште Општина Долнени, со Предлог – решение

24. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Скрка“ с.Дебриште, Општина Росоман

25. Информација во врска со донесување на предлог-решение за изменување на Решението за формирање на Комисија за категоризација на угостителски објекти, со Предлог-решение

26. Информација во врска со одржување на Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 28.5.2021 година

27. Информација за потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство на Хашемитското Кралство Јордан за соработка во областа на земјоделството, со текст на Меморандум

28. Информација за определување на ловиштето бр. 10 „Фазанерија" реон-Скопје кое се наоѓа во Скопско–Кумановско ловностопанско подрачје во државно ловиште, со Предлог - одлука и Предлог – решение

29. Информација за започнување на постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Северна Македонија, со Предлог - одлука за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Скопје, Свети Николе, Кавадарци, Валандово, Гевгелија, Кочани, Виница, Делчево, Гостивар, Демир Хисар, Охрид и Ресен

30. Информација за спроведување на договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Конечко" – Штип со кое управува концесионерот Здружение на ловци „Потполошка" с.Петровец, со Предлог - одлука за еднострано раскинување на договорот и Предлог - одлука за присилна концесија на дивечот во ловиштето

31. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на комплекс „Старо школо" со намена В3-култура во с.Градец КО Градец, Општина Крива Паланка, со Предлог-одлука

32. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура (фотонапонски електрани со инсталирана моќност од 1 MW) КО Ново Конско, Општина Гевгелија, со Предлог - одлука

33. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Сопиште-вонград, Општина Сопиште, со Предлог - одлука

34. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Куманово, Општина Куманово, со Предлог – одлука

35. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Сопиште-вонград, Општина Сопиште, со Предлог – одлука

36. Предлог - одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (прераспределба на средства во износ од 9.400.000 денари, во Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, со цел обезбедување на средства за исплата на електрична енергија, набавка на средства за хигиена, дезинфекција, дезинсекција и дератизација, набавка на одржување на електронска и друга опрема, изнајмување на друг тип на простор, реконструкција на деловни објекти, консултантски и договорни услуги)

37. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка

38. Предлог на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Француската Република кој се однесува на основањето и на активностите на Француската Агенција за развој, на Пропарко и на Експертиза Франција во Република Северна Македонија

39. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за формирање на Национално координативно тело за превенција, намалување на ризиците и заштита од хемиски, биолошки, радијациони и нуклеарни оружја и материјали

40. Информација во врска со трошоците за дневници за службено патување во земјата на полициските службеници од Министерството за внатрешни работи, кои настануваат при обезбедување на ВИП личности

41. Информација со анализа за состојбите настанати од примената на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Анев и Најдовски против Република Северна Македонија (апликации бр.17807/15 и 17893/15) од 3 септември 2020 година

42. Извештај за извршените преговори за склучување на договор за заемна правна помош во граѓанските предмети меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово, со усогласен текст на Договор

43. Информација за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Anatolian Phoenix 21“, на територијата на Република Турција, со Предлог - одлука

44. Извештај за завршени преговори за потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Словачката амбасада во Република Северна Македонија, со усогласен текст на Меморандум

45. Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

46. Информација за исполнетост на условите на Друштвото за производство, трговија и услуги ГРАСС БРОВВНИЕС ДОО експорт-импорт с. Зубовце Врапчиште, за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог - одлука

47. Информација во врска со стипендиите „Борис Трајковски“ на студии од втор циклус за извршната МБА програма, со Предлог - програма, ја усвои и ја донесе Програмата за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2021 година

48. Информација за спроведување на препораките од Конечениот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност „Владино планирање – ефективност на владини мерки за справување со ризиците на пазарот на трудот и начинот на планирање на средствата за надминување на истите”, со Акциски план

49. Информација за потпишување на Заедничката Декларација од страна на Република Северна Македонија за имплементација на Агендата за Западен Балкан за иновации, истражување, образование, култура, млади и спорт, со текст на Заедничката Декларација

50. Информација за подготвениот Осми извештај за имплементација на Ревидираната Европска социјална повелба, со текст на Извештај

51. Предлог - одлука за определување на квота за работни дозволи за странци кои можат да бидат работно ангажирани на територијата на Република Северна Македонија за 2021 година

52. Предлог - одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа п.о Штип

53. Предлог – одлука за престанок на важење на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за информатичко општество и администрација и Предлог – одлуката за престанок на важење на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за локална самоуправа

54. Годишен извештај за работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија во 2020 година

55. Годишен извештај за работата на Јавно радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија за 2020 година

56. Годишен извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година

57. Годишен извештај за работата на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка за 2020 година

58. Барање за давање на автентично толкување на член 122 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018), поднесено од пратеникот Соња Мираковска

59. Барање за давање на автентично толкување на член 45 став (1) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 82/2018), поднесено од пратеникот Вјолца Адеми

60. Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.247/2020 од 25 март и 21 април 2021 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 163 став 3 од Законот за банките

61. Иницијатива доставена од Народен правобранител на Република Северна Македонија, под НП бр.429/21 за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита

62. Понуда од нотар од Ванчо Андоновски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 1078 за КО Маџари КП бр.1043, Имотен лист бр. 68234 за КО Маџари на КП бр. 1043, Имотен лист бр.8904 за КО Маџари на КП бр.1043 и Имотен лист бр.11579 за КО Маџари на КП бр.1042, со дополнување

63. Понуда од нотар Емилија Георгиевска Аџиска од Берово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.8178 за КО Берово на КП бр. 1228, викано место Керамидарка

64. Понуда од нотар Олга Димовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2658 за КО Ѓорче Петров 4 - Влае на КП бр.6819

65. Понуда од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1764 за КО Радовиш на КП бр. 2705 дел 1, викано место/улица Калаузлиска

66. Понуда од нотар Мери Весова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 12174, за КО Сарај, на КП бр. 10710/13 и КП бр.10710/3, викано место/улица Сарај

67. Понуда од нотар Елизабета Стојаноска од Прилеп, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 5218, за КО Варош, на КП бр. 2012/1, Викано место/улица Тополка и Имотен лист бр. 7173, за КО Варош, на КП бр. 2013/1 Викано место/улица Тополка

68. Известување од извршител Јадранка Јовановска од Куманово за Налог за извршување врз недвижност, доставено под И.бр.929/20, запишан во Имотен лист бр.695 за КО Гиновци и Заклучок за втора усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување) која ќе се одржи на 1 јуни 2021 година

69. Известување од извршител Моника Муча од Скопје, доставено под И.бр.194/17, за Налог за извршување врз недвижност, запишана на ИЛ бр.510, за КО Кучково

70. Известување од извршител Магдалена Симовска Давидовиќ од Скопје, доставен под И.бр.974/18, за Налог за извршување врз недвижност, запишана во Имотен лист бр.483 за КО Долно Водно, Имотен лист бр.981 за КО Долно Водно и Имотен лист бр.2784 за КО Карпош, со Заклучок за усна јавна продажба

71. Кадровски прашања

72. Прашања и предлози

73. Конечен извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи и Ревизија на усогласеност за 2019 година на Јавното претпријатие за комунални дејности „Плаваја“ Радовиш

74. Информација во врска со одобрувањето, усвојувањето и потпишувањето на Меморандум за соработка помеѓу АД ЕСМ-Скопје и Гастрејд С.А и помеѓу АД ЕСМ-Скопје и Дамко Енерџи С.А

75. Информација за степенот на реализација на проектот „Изградба на фотонапонска електрана со инсталирана моќност од 10MW во кругот на РЕК Осломеј“

76. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво за приредување игри на среќа во државна сопственост, Државна лотарија на Република Северна Македонија, за периодот од 1 октомври 2020 до 31 декември 2020 година

77. Извештај за работата на Државниот завод за индустриска сопственост за 2020 година

78. Извештај за работата на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2020 година

79. Извештај од Одборот за надзор на материјално финансиското работење на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2020 година

80. Тримесечен извештај за работата и материјално-финансиското работење на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост, за периодот од 1 јули 2020 година до 30 септември 2020 година и Тримесечниот извештај за работата и материјално-финансиското работење на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост за периодот од 1 октомври 2020 година до 31 декември 2020 година

81. Информација во врска со ревидираните финансиски извештаи за 2020 година на ТАВ Македонија

82. Информација за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување на бесправна сеча на шуми, во период од 1 октомври 2020 до 31 декември 2020 година

83. Информација за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување бесправна сеча на шуми, во период од 1 јануари 2021 до 31 март 2021 година

84. Информација за бројот на издадени електронски изводи од матичните книги преку Националниот портал за електронски услуги

85. Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршената ревизија на усогласеност на реализација на мерките, активностите и политиките за специјализација на здравствените работници во јавните здравствени установи во периодот од 2015 до 2018 година

86. Информација за работењето на Економско - социјалниот совет во 2020 година

87. Информација за основање на меѓу-институционална работна група за унапредување на договорната соработка

88. Информација за подготовките на првата меѓународна конференција „Западниот Балкан: делот што недостасува за Европа да биде целосна” во рамки на Преспа форумот за дијалог (ПФД) Охрид и Отешево/Преспа, 1-2 јули 2021 година

89. Информација за укинување на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги ПХАРМА ЕУ ЛЛЦ увоз-извоз ДООЕЛ Битола – Подружница ПХАРМА ЕУ ЛЛЦ Прилеп, со Предлог – одлука

90. Информација за прогресот во активностите за воспоставување кохерентна институционална структура на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби од централната власт

91. Информација за укинување на Решението за давање на одобрение за одгледување на коноп за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги МЕДИЦАЛ 420 увоз-извоз ДОО Битола, со Предлог – одлука

92. Информација изготвена од Јавното претпријатие за државни патишта и Министерството за транспорт и врски, а во врска со изготвување на Електронски Картички (М-Смарт Кард) за патнички моторни возила на туристи од Република Србија кои би транзитирале на Коридор 10 за време на летната сезона (15.6.2021 до 15.8.2021 година)

*

*    *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 67-та и 69-та седница на Владата, одржани на 27 април 2021 година и 11 мај 2021 година.

*

*    *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

**- Агенда Европа дома**

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, м-р Никола Димитров ги информираше членовите на Владата за статусот на активностите од Агенда Европа дома (статус 25.5.2021 година).

Истовремено, информираше дека до крајот на неделата ќе постапи по Заклучокот, донесен по оваа точка на седницата, одржана на 18 мај 2021 година и за добиените сознанија ќе ја извести Владата на наредната седница.

- **Статус на реализација на Рамковниот договор**

Првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Артан Груби ги информираше членовите на Владата за процесот на распределба административни службеници од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, вработени преку Програмата за соодветна и правична застапеност, Програма К-5.

Истовремено, Владата заклучи институциите наведени во Прилогот 1 во наредните 15 дена да ги завршат постапките за преземање на административни службеници од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците за соодветно да се реалоцираат средствата за плати и надоместоци помеѓу буџетските корисници.

- **Статус на реализација на капиталните инвестициии**

Министерот за финансии, д-р Фатмир Бесими ги информираше членовите на Владата во врска со статусот на реализација на капиталните инвестиции односно вкупната реализација на капиталните расходи заклучно со 21 мај 2021 година која изнесува 5.1 милијарди денари или 21.1% од реализацијата.

Истовремено, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии побара членовите на Владата да посветат внимание на реализацијата на проектите, и да направат приоритизација на истите.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Записникот од Триесет и осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 25 мај 2021 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Триесет и осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 25 мај 2021 година.

2. Да престане да важи наредената мерка со која сите домашни и странски физички лица – патници од земјите од Африканскиот континент и Федеративна

Република Бразил кои влегуваат на граничните премини на територијата на Република Северна Македонија, задолжително се упатуваат во 14 дневна самоизолација (карантин), односно оваа наредена мерка да продолжи да се применува само за странски физички лица – патници од Република Индија.

Соодветно на ова, Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

Точка 2

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со спроведената постапка за јавна набавка на услуги за ревизија на Годишната сметка за 2020 година за потребите на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2020 година на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, во предложениот текст.

Точка 3

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2021 година, во предложениот текст.

Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштво за производство и трговија Ки Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Кичево и Ки Сејфти Системс Луксембург С.а.р.л, бр.03-174/1 од 22.1.2015 година и Анекс договор 1 со бр.13-1600/1 од 14.11.2016 година, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Анекс договор бр.2 кон Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Ки Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Кичево и Ки Сејфти Системс Луксембург, С.а.р.л, бр. 03-174/1 од 22.1.2015 година и Анекс договор бр.1 со бр.13-1600/1 од 14.11.2016 година, во предложениот текст.

Точка 5

Владата ги разгледа Годишниот извештај за деловна активност на Фондот за осигурување на депозити за 2020 година, Годишната сметка на Фондот за осигурување на депозити за 2020 година, финансиските извештаи на Фондот за осигурување на депозити за 2020 година, финансиските извештаи и Извештајот на

независните ревизори на Фондот за осигурување на депозити на 31.12.2020 година, со предлог-одлуки (најнов текст) и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за потврдување на Годишната сметка на Фондот за осигурување за депозити за 2020 година, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за потврдување на Одлуката за распоредување на нето добивката на Фондот за осигурување на депозити за 2020 година, во предложениот текст.

3. Го разгледа Годишниот извештај за деловна активност на Фондот за осигурување на депозити за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од донесување на Одлука за предавање на недвижност - градежно земјиште во владение на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за предавање на недвижност - градежно земјиште во владение на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост, поради потребата Акционерското друштво да постапи по укажувањата изнесени во Мислењето на Агенцијата за катастар на недвижности и Агенцијата за катастар на недвижности да достави ново позитивно мислење по материјалот.

**Точка 7**

Владата го одложи од разгледување Барањето на согласност за префрлање на салдото во износ од 12.100.000,00 денари од наменска сметка за блок дотации од Буџетот на Република Северна Македонија, намалено за износот на пријавените неизмирени обврски на јавните установи, на сметка на основниот буџет за финансирање на надлежностите на Општината за седницата на Владата што ќе се одржи на 27 мај 2021 година, поради потребата Општина Берово да го усогласи материјалот со Министерството за образование и наука.

**Точка 8**

Владата го одложи од разгледување Барањето согласност за префрлање на вишок на средства од сметката за блок дотации на сметката на основниот Буџет на Општина Куманово за 2021 година, со Одлука за префрлање на вишок на средства од сметката за блок дотации на сметката на основниот Буџет на Општина Куманово за 2021 година, донесена од Советот на Општина Куманово за седницата на Владата што ќе се одржи на 27 мај 2021 година, поради потребата Општина Куманово да го усогласи материјалот со Министерството за образование и наука.

**Точка 9**

Владата го разгледа и усвои Извештајот за реализирана Годишна програма за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2020 година (нов текст).

## Точка 10

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за доставување Извештај за статус на реализирани младински политики од Програмата на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Министерството за труд и социјална политика, Министертвото за здравство, Министерството за локална самоуправа, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за култура, Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, а им се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, Фондот за иновации и технолошки развој и Државен студентски дом „Скопје" – Скопје, да достават Извештај за статусот на реализација на програмите и мерките за млади за првото тромесечие од 2021 година, како и планирани активности до 31 декември 2021 година до Агенција за млади и спорт.

2. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Министерството за труд и социјална политика, Министертвото за здравство, Министерството за локална самоуправа, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за култура, Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, а им се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, Фондот за иновации и технолошки развој и Државен студентски дом „Скопје„ – Скопје, да го достават Извештајот за реализација на младинските политики и сите проекти и активности што се однесуваат на категоријата млади луѓе, најдоцна до 15 јуни 2021 година до Агенција за млади и спорт.

## Точка 11

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Португалската Република за размена и заемна заштита на класифицирани информации, со Нацрт-текстот на Договор и го усвои, со следниве заклучоци:

1.Го прифати Нацрт-текстот на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Португалската Република за размена и заемна заштита на класифицирани информации, како основа за водење на преговори.

2. Се задложува шефот и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Португалската Република за размена и заемна заштита на класифицирани информации.

3. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Португалската Република за размена и заемна заштита на класифицирани информации, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

4. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија, по завршените преговори, во рок од 30 дена на Владата на Република Северна Македонија да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот текст на Договорот.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Берово, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата по повод судскиот предмет по тужбата на тужителот Република Северна Македонија против тужените Министерство за економија од Скопје и АД за промет и услуги УСА МАК Скопје од Скопје заведен под број.51-ТС-239/18 пред Основен граѓански суд Скопје. (П бр.1174/14), поради потребата, најдоцна до 31.5.2021 година (понеделник) да се одржи состанок, помеѓу Државното правобранителство на Република Северна Македонија, Министерството за економија и Министерството за финансии, со цел изнаоѓање на заедничко решение за овој предмет.

**Точка 15**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за јавните здравствени установи за кои се предлага Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да обезбедува средства за нивно функционирање со показатели за нивната финансиска состојба во 2020 година, со Предлог - одлука, ја усвои и го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на јавни здравствени установи кои вршат превентивни и одредени работи од примарна, специјалистичко - консултативна и болничка здравствена заштита за кои Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија обезбедува средства за нивно целосно функционирање во 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање на согласност од Владата на Република Северна Македонија за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва за наредната седница на Владата, поради потребата истиот да се разгледа заедно со Законот за трговија.

**Точка 20**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување на Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – алувијално злато на локалитетот „Коњска Река" Општина Гевгелија, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, во предложениот текст, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Сектор за шумарство и ловство, Министерството за животна средина и просторно планирање-Управа за животна средина и Сектор за води и Општина Гевгелија и Советот на Општина Гевгелија.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Остра Чука“ с.Дебреште Општина Долнени, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Остра Чука“ с.Дебреште Општина Долнени, со заклучок истото да се дополни со член и заменик член, претставници од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

## Точка 24

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Скрка“ с.Дебриште, Општина Росоман, ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина- варовник на локалитетот „Скрка“ с.Дебриште, Општина Росоман (нов текст).

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата во врска со донесување на предлог-решение за изменување на Решението за формирање на Комисија за категоризација на угостителски објекти, со Предлог-решение, ја усвои и го донесе Решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за категоризација на угостителски објекти, во предложениот текст.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување на Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 28.5.2021 година и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со одржување на Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 28.5.2021 година.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија заклучоците од оваа информација да ги достави до овластеното лице, кое согласно член 392 од Законот за трговските друштва, има својство на полномошник и претставник на акциите на Владата на Република Северна Македонија во Друштвото, како инструкција за начинот на гласање на Годишното собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 28.5.2021 година, односно да гласа како што е утврдено во четвртиот заклучок од оваа информација.

3. Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да го извести друштвото Тутунски комбинат АД Прилеп за издаденото полномошно на претставникот на своите акции во Друштвото.

4. Владата го одобрува начинот на гласање на Собранието од страна на својот претставник, по наведените точки од Дневниот ред и тоа:
ДНЕВЕН РЕД:

Процедурален дел
1) Избор на работни тела на Собранието
а) Верификациона комисија од 3 члена
-По оваа точка од Друштвото е доставена Предлог-одлука за избор на верификациона комисија. За оваа точка да се гласа „ЗА“.
б) 1 бројач на гласови.
-По оваа точка од Друштвото е доставена Предлог-одлука за избор на бројач на гласови. За оваа точка да се гласа „ЗА“.
2) Избор на претседавач на Собрание на акционери
-Во доставениот материјал за седницата дадена е Одлука за избор на претседавач на Собрание. За оваа точка да се гласа „ЗА“.

Работен дел:

1) Разгледување и одобрување на Годишниот извештај за работењето на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2020 година, во прилог: Предлог-одлука за одобрување на Извештајот за работењето на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2020 година

Предлог-одлука за одобрување на Извештајот за работењето на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2020 година / Да се гласа „ЗА“.

2) Одобрување на Годишната сметка и финансиските извештаи и распоредување на добивката на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2020 година, во прилог: Предлог-одлука за одобрување на Годишната сметка и финансиските извештаи и распоредување на добивката на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2020 година

Предлог-одлука за одобрување Годишната сметка и финансиските извештаи и распоредување на добивката на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2020 година. / Да се гласа „ЗА“.

3) Одлука за задолжување на Тутунски комбинат АД Прилеп, заложување подвижен имот во сопственост на Друштвото и обезбедување со меници-голема зделка

Предлог-одлука за задолжување на Тутунски комбинат АД Прилеп, заложување подвижен имот во сопственост на Друштвото и обезбедување со меници-голема зделка / Да се гласа „ЗА“.

4) Одлука за кредитно заложување на тутуни – голема зделка
Предлог - одлука за кредитно заложување на тутуни – голема зделка /Да се гласа „ЗА“.

5) Одлука за верификација-одобрување на:
-Одлука за одобрување на откупот на дополнителни количини на тутун од реколта 2020 година бр.02-4/6 од 7.4.2021 година
-Одлука за искористување средства одобрени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година
-Одлука за одобрување средства одобрени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година бр.40-3962/1 од 30 март 2021 година, донесена од Владата на Република Северна Македонија.
Предлог - одлука за верификација-одобрување на Одлука за одобрување на откупот на дополнителни количини на тутун од реколта 2020 година. бр.02-4/6 од 7.4.2021 година. Одлука за искористување средства одобрени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година и Одлука за одобрување средства одобрени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година бр.40-3962/1 од 30 март 2021 година, донесена од Владата на Република Северна Македонија/Да се гласа „ЗА“.

6) Разгледување и усвојување на Извештајот од извршената ревизија на годишните сметки и финансиските извештаи на Тутунски комбинат АД за деловната 2020 година.

Предлог-одлука за одобрување на Извештајот на независниот ревизор за деловната 2020 година / Да се гласа „ЗА“

7) Одобрување на работата и на водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори

- Предлог-одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп на Кире Станкоски (извршен член). / Да се гласа „ЗА“.

- Предлог-одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп на Татјана Стефаноска (извршен член). / Да се гласа „ЗА“.

- Предлог-одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп на Гоце Мојаноски (извршен член). / Да се гласа „ЗА“.

- Предлог-одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп на Никола Џамбазовски (независен неизвршен член). / Да се гласа „ЗА“.

- Предлог-одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп на Златко Сарев (неизвршен член). / Да се гласа „ЗА“.

- Предлог-одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп на Гоце Јосифоски (независен неизвршен член). / Да се гласа „ЗА“ и

- Предлог-одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп на Абдула Бајрамоски (неизвршен член). / Да се гласа „ЗА“.

8) Назначување овластен ревизор за ревизја на Годишната сметка и финансиските извештаи на Тутунски комбинат АД за деловната 2020 година.
Предлог - одлука за назначување овластен ревизор. / Да се гласа „ЗА“.

**Точка 27**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство на Хашемитското Кралство Јордан за соработка во областа на земјоделството, со текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство на Хашемитското Кралство Јордан за соработка во областа на земјоделството.

2. Го овласти Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство на Хашемитското Кралство Јордан за соработка во областа на земјоделството.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерство за финансии.

**Точка 28**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за определување на ловиштето бр. 10 „Фазанерија“ реон-Скопје кое се наоѓа во Скопско–Кумановско ловностопанско подрачје во државно ловиште, со Предлог - одлука и Предлог – решение и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за определување на државни ловишта, во предложениот текст.

2. Го донесе Решението за давање на управување на државното ловиште „Фазанерија“, во предложениот текст.

## Точка 29

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за започнување на постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Северна Македонија, со Предлог - одлука за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Скопје, Свети Николе, Кавадарци, Валандово, Гевгелија, Кочани, Виница, Делчево, Гостивар, Демир Хисар, Охрид и Ресен, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Скопје, Свети Николе, Кавадарци, Валандово, Гевгелија, Кочани, Виница, Делчево, Гостивар, Демир Хисар, Охрид и Ресен, во предложениот текст.

## Точка 30

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за спроведување на договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Конечко" – Штип со кое управува концесионерот Здружение на ловци „Потполошка" с.Петровец, со Предлог - одлука за еднострано раскинување на договорот и Предлог - одлука за присилна концесија на дивечот во ловиштето, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнително усогласување.

## Точка 31

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на комплекс „Старо школо" со намена В3-култура во с.Градец КО Градец, Општина Крива Паланка, со Предлог-одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на комплекс „Старо школо" со намена В3-култура во с.Градец КО Градец, Општина Крива Паланка, во предложениот текст.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура (фотонапонски електрани со инсталирана моќност од 1 MW) КО Ново Конско, Општина Гевгелија, со Предлог - одлука, ја усвои и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура (фотонапонски електрани со инсталирана моќност од 1 MW) КО Ново Конско, Општина Гевгелија, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Сопиште-вонград, Општина Сопиште, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Сопиште-вонград, Општина Сопиште, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Куманово, Општина Куманово, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Куманово, Општина Куманово, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Сопиште-вонград, Општина Сопиште, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Сопиште-Вонград, Општина Сопиште, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (прераспределба на средства во износ од 9.400.000 денари, во Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, со цел обезбедување на средства за исплата на електрична енергија, набавка на средства за хигиена, дезинфекција, дезинсекција и дератизација, набавка на одржување на електронска и друга опрема, изнајмување на друг тип на простор, реконструкција на деловни објекти, консултантски и договорни услуги), во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка за наредната седница на Владата.

## Точка 38

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Француската Република кој се однесува на основањето и на активностите на Француската Агенција за развој, на Пропарко и на Експертиза Франција во Република Северна Македонија, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, Методија Белески, директор во Министерството за надворешни работи и Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи.

## Точка 39

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Национално координативно тело за превенција, намалување на ризиците и заштита од хемиски, биолошки, радијациони и нуклеарни оружја и материјали, во предложениот текст.

## Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата во врска со трошоците за дневници за службено патување во земјата на полициските службеници од Министерството за внатрешни работи, кои настануваат при обезбедување на ВИП личности и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжуваат сите буџетски корисници, кои ги користат услугите за обезбедување од страна на Министерството за внатрешни работи, редовно да исплаќаат средства за покривање на трошоците за дневници за службено патување на полициските службеници во земјата од сопствениот буџет, односно доследно да ги почитуваат заклучоците во однос на точката 17, донесени од страна на Владата на Република Северна Македонија, на Тринаесеттата седница одржана на 20 октомври 2020 година.

## Точка 41

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со анализа за состојбите настанати од примената на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Анев и Најдовски против Република Северна Македонија (апликации бр.17807/15 и 17893/15) од 3 септември 2020 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда преку Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права да ги направи потребните консултации со надлежните тела на Советот на Европа во однос на нацрт измените на членот 100-а од Кривичниот законик и имајќи го предвид резултатот од таквите консултации до Владата да достави предлог- закон за измени на одредбата, најдоцна до крајот на 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, да преземе активности во насока на усогласување на дејствувањето при констатирање на прекршоците од Законот за шумите на праксата на Европскиот суд за човекови права и поновата пракса на домашните судови која е во согласност со меѓународните обврски на државата.

3. Се задолжуваат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за правда во рок од 10 дена да одржат состанок заради усогласување на прекршочните одредби од Законот за шумите со Законот за прекршоците, пред се, во однос на пропишаните казни за прекршоците.

4. Се задолжува Министерството за правда во рок од седум дена од Академијата за судии и јавни обвинители да побара одржување обуки за одземање на предмети согласно јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права, за судии (кои постапуваат по кривични и прекршочни предмети од оваа област), јавни обвинители, за шумската полиција и лица од Министерството за внатрешни работи кои постапуваат по овој вид предмети, на кои ќе учествуваат и претставници од Министерството за правда и Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права.

<u>**Точка 42**</u>

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за извршените преговори за склучување на договор за заемна правна помош во граѓанските предмети меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово, со усогласен текст на Договор и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Извештајот за извршените преговори за склучување на договор за заемна правна помош во граѓански предмети меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово.

2. Го прифати усогласениот текст на Договорот за заемна правна помош во граѓанските предмети меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово.

3. Се определува м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот за заемна правна помош во граѓанските предмети меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово, при што да го има предвид Мислењето на Министерството за финансии.

## Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Anatolian Phoenix 21“, на територијата на Република Турција, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Anatolian Phoenix 21“, во Република Турција, во предложениот текст.

## Точка 44

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за завршени преговори за потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Словачката амбасада во Република Северна Македонија, со усогласен текст на Меморандум и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Го усвои Извештајот за завршени преговори за потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Словачката амбасада во Република Северна Македонија.

2. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Словачката амбасада во Република Северна Македонија.

3. Се овластува д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација да го потпише Меморандумот за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Словачката амбасада во Република Северна Македонија.

4. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерство за правда-Управата за водење на матичните книги, Секретаријатот за европски прашања, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи, во рок од седум дена од денот на потпишувањето на Меморандумот за соработка, до Министерството за информатичко општество и администрација да номинираат две лица кои ќе учествуваат на работилницата за организирање и спроведување на постапки за спроведување на стратегијата за е-Влада во Словачка, која ќе се реализира во јуни 2021 година.

5. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерство за правда-Управата за водење на матичните книги, Секретаријатот за европски прашања, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи, во рок од седум дена од денот на потпишувањето на Меморандумот за соработка, до Министерството за информатичко општество и администрација да номинираат две лица кои ќе учествуваат на работилницата за анализа на тековната состојба на релевантните информациски системи во однос на приближувањето на информатичкото општество кон ЕУ, која ќе се реализира во јуни 2021 година.

6. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерство за правда-Управата за водење на матичните книги, Секретаријатот за европски прашања, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи, во рок од седум дена од денот на потпишувањето на Меморандумот за соработка, до Министерството за информатичко општество и администрација да номинираат две лица кои ќе учествуваат на работилницата за тековните состојби и препорачаните практики и мерки од областа на релевантните информациски системи, која ќе се реализира во јули 2021 година.

7. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерство за правда-Управата за водење на матичните книги, Секретаријатот за европски прашања, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за катастар на недвижности, Министерство за финансии-Управата за јавни приходи и Министерство за финансии-Царинската управа, а им се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и Централниот регистар на Република Северна Македонија, во рок од седум дена од денот на потпишувањето на Меморандумот за соработка, до Министерството за информатичко општество и администрација да номинираат две лица, а органите кои членуваат во Националниот ИКТ совет да номинираат по уште едно лице, кои ќе учествуваат на завршната конференција на тема „Трендови во дигитализацијата на јавната администрација во врска со приклучувањето на ЕУ", која ќе се реализира во септември 2021 година.

## Точка 45

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, во предложениот текст.

## Точка 46

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштвото за производство, трговија и услуги ГРАСС БРОВВНИЕС ДОО експорт-импорт с. Зубовце Врапчиште, за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги ГРАСС БРОВВНИЕС ДОО експорт-импорт с. Зубовце Врапчиште, во предложениот текст.

## Точка 47

Владата ја разгледа Информацијата во врска со стипендиите „Борис Трајковски" на студии од втор циклус за извршната МБА програма, со Предлог - програма, ја усвои и ја донесе Програмата за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2021 година, во предложениот текст.

## Точка 48

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на препораките од Конечениот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност „Владино планирање – ефективност на владини мерки за справување со ризиците на пазарот на трудот и начинот на планирање на средствата за надминување на истите", со Акциски план, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за образование и наука да го имплементира Акцискиот план за спроведување на препораките од Конечениот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност „Владино планирање – ефективност на владини мерки за справување со ризиците на пазарот на трудот и начинот на планирање на средствата за надминување на истите".

## Точка 49

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Заедничката Декларација од страна на Република Северна Македонија за имплементација на Агендата за Западен Балкан за иновации, истражување, образование, култура, млади и спорт, со текст на Заедничката Декларација и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Заедничката Декларација за иновации, истражување, образование, култура, млади и спорт.

2. Се овластуваат Мила Царовска, министер за образование и наука и д-р Ирена Стефовска, министер за култура, на 27 мај 2021 година да ја потпишат Заедничката Декларација за иновации, истражување, образование, култура, млади и спорт за Република Северна Македонија.

## Точка 50

Владата ја разгледа Информацијата за подготвениот Осми извештај за имплементација на Ревидираната Европска социјална повелба, со нов текст на Извештај, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за труд и социјална политика во рок од 15 дена преку Министерството за надворешни работи да го достави новиот текст на Осмиот извештај за имплементација на Ревидираната Европска социјална повелба, преведен на англиски јазик, до генералниот секретар на Советот на Европа.

## Точка 51

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за определување на квота за работни дозволи за странци кои можат да бидат работно ангажирани на територијата на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

## Точка 52

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа п.о Штип, во предложениот текст.

## Точка 53

Владата го одложи разгледувањето на Предлог – одлуката за престанок на важење на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за информатичко општество и администрација и Предлог – одлуката за престанок на важење на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за локална самоуправа за наредната седница на Владата поради потребата Министерството за култура да се усогласи со Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за локална самоуправа.

## Точка 54

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија во 2020 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 36 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги најдоцна до 30 април во тековната година, до Собранието на Република Северна Македонија доставува годишен извештај за својата работа во претходната година. Годишниот извештај содржи информации за активностите во врска со остварување на законските надлежности и за материјално финансиското работење. Годишниот извештај се доставува до Владата и до Министерството за економија заради нивно информирање.

Согласно член 35, став 1, од Законот за енергетика, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги се финансира од сопствени извори на средства обезбедени преку:

- наплата на надоместок за издавање на лиценци за вршење на енергетски дејности, односно упис во регистарот на странски трговци и снабдувачи со електрична енергија и природен гас кои можат да вршат дејност во Република Северна Македонија,
- надоместоци од постапката за утврдување на тарифи за водни услуги, односно регулаторна тарифа за водни услуги,
- наплата на годишен надоместок од носителите на лиценци за вршење на енергетска дејност, како и преку наплата на надоместок од годишниот приход на давателите на водни услуги, односно регулирана тарифа за водни услуги.

Надоместокот од вкупниот годишен приход од носителите на лиценци за вршење на енергетска дејност и од годишниот приход на давателите на водни услуги изнесува 0,0460 %. Согласно Законот за енергетика, истиот се утврдува со Одлука на Собранието на Република Северна Македонија и не може да биде повисок од 0,1 %.

Вкупните наплатени приходи во 2020 година изнесуваат 80.381.989 денари, додека вкупните расходи изнесуваат 65.415.904 денари и се за 33,4 % помали во споредба со планот, поради КОВИД-19 пандемијата. Во структурата на вкупните расходи има зголемување во делот на трошоците за потрошен материјал и набавка на останата опрема.

Во текот на 2020 година, вишокот на приходи изнесува 14.966.085 денари, а акумулираниот износ од претходните години изнесува 86.534.477 денари, средства планирани за купување на деловен простор. Согласно член 35, став 7, од Законот за енергетика, ако во една календарска година остварените приходи на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги се поголеми од реализираните расходи, разликата се пренесува на користење во следната година и за истиот износ се намалуваат планираните приходи во финансискиот план за следната година. Оваа законска одредба треба да се има предвид при подготовката на финансискиот план за следната календарска година.

Со оглед на тоа што во Извештајот се опфатени сите области кои ги покрива Регулаторната комисија за енергетика, а кои произлегуваат од Законот за енергетика и од Законот за утврдување на цени на водни услуги и подзаконските акти, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки.

Во Извештајот се наведува дека пазарот на електрична енергија, во текот на 2020 година, бележи значителни позитивни текови и покрај пандемијата на Ковид-19. По целосната либерализација на пазарот, којашто настана во 2019 година, во 2020 година се зголеми бројот на потрошувачи кои самостојно избрале свој снабдувач со електрична енергија и поради ова бројот на постапките за промена на снабдувач со електрична енергија во 2020 година се зголемил за 124,2% споредено со 2019 година.

Исто така беше зголемен и бројот на активни снабдувачи со електрична енергија, кој во 2020 година изнесуваше 16 активни снабдувачи, што е за 4 повеќе отколку во 2019 година. Ова значи дека има зголемена конкуренција на пазарот на електрична енергија на мало и потрошувачите добиваат подобри понуди од страна на снабдувачите/трговците. Во 2020 година за прв пат потрошувачката на електрична енергија на отворениот пазар беше поголема од потрошувачката на електрична енергија на регулираниот пазар и изнесуваше 52,24% од вкупната бруто потрошувачка на електрична енергија. Едно од позначајните случувања на пазарот на електрична енергија е номинацијата на Мемо ДООЕЛ Скопје, оператор на пазар на електрична енергија, за оператор на организиран пазар на електрична енергија, којшто треба да го организира и администрира пазарот на електрична енергија ден однапред и пазарот на електрична енергија во текот на денот. Мемо ДООЕЛ Скопје, како оператор на организиран пазар на електрична енергија, едновремено е и номиниран оператор на пазар на електрична енергија, којшто има задача да изврши спојување на пазарот на електрична енергија во Република Северна Македонија со пазарите на електрична енергија во регионот, односно првенствено со Република Бугарија. Во 2020 година беше забележен пораст на потрошувачи на електрична енергија кои инсталираат фотонапонски панели за производство на електрична енергија за обезбедување на дел од сопствените потреби од електрична енергија, како и пораст на производители на електрична енергија од фотонапонски електроцентрали.

Во 2020 година продолжи трендот на зголемено количество на природен гас во системот за пренос во износ од 337,8 милиони nm3, пред сè заради работата на когенеративните постројки и топланите на природен гас. Ова е досега најголемо количество на природен гас во системот за пренос од почетокот на неговата работа и претставува зголемување за 14,5% во однос на пренесените количества на природен гас во 2019 година, односно изнесува над 42% од вкупниот капацитет на системот за пренос на природен гас. Цената на природниот гас на пазарот на мало во текот на 2020 година забележа значителен пад во просек од 15% споредено со претходната 2019 година. Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост продолжи со изградба на нови магистрални гасоводи, со што се овозможува поврзување на сите главни урбани центри во државата со системот за пренос на природен гас. Собранието на Република Северна Македонија на крајот од 2020 година го одобри Законот за откуп на уделот на Макпетрол АД Скопје во операторот за пренос на природен гас АД ГА-МА Скопје, по што во првите месеци од 2021 година се започна со затворање на судските спорови помеѓу Владата и Макпетрол АД Скопје околу сопственоста на гасоводот. Целиот процес се заокружи со финансиска трансакција за откуп на уделот на Макпетрол АД Скопје од страна на државата и со тоа АД ГА-МА Скопје ќе биде во целосна државна сопственост.

Во 2020 година продолжи позитивниот тренд на пораст на бројот на приклучени потрошувачи кон системите за централно греење на територијата на Град Скопје, при што бројот на потрошувачи во најголемиот систем за централно греење е зголемен за повеќе од 3%. Собранието на Република Северна Македонија во февруари 2020 година го усвои Законот за енергетска ефикасност, со којшто, меѓу другото, се пропишаа услови во однос на исклучувањето од системот за централно греење.

Најзначаен настан што ја одбележа 2020 година на пазарот со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт во државата е драстичниот пад на цената на нафтата на светските берзи, а сето тоа предизвикано од здравствената криза поради појавата на вирусот Ковид-19. Пандемијата ја намали глобалната побарувачка за нафта за приближно 29 милиони барели дневно од минатогодишните 100 милиони. ОПЕК и другите производители се согласија да го намалат производството за 9,7 милиони барели на ден, што беше значително помалку од намалувањето на побарувачката, оставајќи голем вишок нафта на пазарот.

Регулаторната комисија за енергетика во 2020 година продолжи со спроведување на активностите кои се во согласност со одредбите од Законот за утврдување на цените на водните услуги. Имено, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги продолжи да ја следи примената на цените на водните услуги и усогласеноста на примената на тарифите за водни услуги со спроведувањето на бизнис-планот на давателите на водните услуги. Оваа 2020 година беше последната од првиот регулиран период 2018-2020 година за давателите на водните услуги за подрачја поголеми од 10.000 еквивалентни жители. Споредбата на параметрите покажа дека продолжи трендот на намалување на нивото на неприходувана вода, споредено со 2019 година за околу 3%, што претставува значително подобрување на состојбата со неприходувана вода во целата држава.

Во текот на 2020 година Регулаторната комисија за енергетика, во согласност со овластувањата утврдени во Законот за енергетика* и Законот за енергетска ефикасност* донесе или одобри 37 правни акти, од кои 10 општи акти, 15 акти од областа на електричната енергија, два од областа на природниот гас, пет од областа на топлинската енергија и еден правилник од областа на нафтените деривати. Исто така, Регулаторната комисија за енергетика во 2020 година издаде 54 лиценци за вршење на енергетски дејности, од кои 50 се за вршење на енергетска дејност од областа на електричната енергија, две од областа на природниот гас и две од областа на нафтените деривати. Од вкупно 258 постапки за одлучување по приговори поведени пред Регулаторната комисија за енергетика во 2020 година, 117 беа усвоени, 113 одбиени, отфрлени или запрени, а за 28 приговори постапката продолжи во 2021 година. Регулаторната комисија за енергетика во текот на 2020 година одговори на сите 14 поднесени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Она што особено треба да се истакне е признанието од Секретаријатот на енергетската заедница, кој трета година по ред, во своите годишни извештаи за имплементација ја истакнува Регулаторната комисија за енергетика како лидер во реформите во енергетскиот сектор во рамки на Енергетската заедница. Оваа 2020 година Регулаторната комисија за енергетика го делеше првото место заедно со регулаторното тело на Грузија.

<u>**Точка 55**</u>

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Јавно радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија за 2020 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 106 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/13, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21) Македонската радиотелевизија е должна да донесе Годишен извештај за работа за претходната година која го доставува до Собранието на Република Северна Македонија на разгледување најдоцна до 31 март во тековната година и истиот особено треба да содржи: Извештај за реализација на Програмата за работа од претходната година, Финансиски извештај за реализација на финансискиот план од претходната година и Годишна сметка со податоци за реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски од претходната година, групирани по структура и по организациона структура на Македонската радиотелевизија, потоа Ревизорски извештај од независен овластен ревизор и Ревизорски извештај од Државниот завод за ревизија, доколку е извршена ревизија од него, како и ставот на Македонската радиотелевизија во однос на резултатите од извршената ревизија. Според став 6 од овој член, во прилог на Годишниот извештај за работа на Македонската радиотелевизија за претходната година се доставува и усвоената Годишна програма за работа на Македонската радиотелевизија за претходната година.

Во последниот Извештај на Европската Унија за напредокот на земјата, се наведува дека „реформата на јавниот радиодифузен сервис е во рана фаза и треба да и се даде приоритет. Особено треба да се зајакне независноста и капацитетот на јавниот радиодифузен сервис преку одржливи решенија, професионални стандарди и финансиска одржливост, што ќе овозможи зголемена ефективност на неговото работење и управување.“.

Оттука се смета дека во јавниот радиодифузен сервис континуирано треба да се продолжи со започнатите реформи за остварување на целосна уредувачка независност, преку зајакнување на неговите професионални и кадровски капацитети, притоа земајќи ја предвид и улогата на јавноста, која треба да биде навремено, објективно и точно информирана.
Врз основа на ова, потребно е во Годишниот извештај за работа на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија, видливо да бидат прикажани и преземените активности во однос на реформите, како што се:

- Почитување на професионалните и етички новинарски стандарди, односно целосна имплементација на членот 111 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кој ги опфаќа стандардите и начелата и од каде произлегува должноста за обезбедување уредувачка независност, вистинитост, непристрасност, објективност, избалансираност, разновидност на гледиштата и сеопфатност во информирањето,
- Обезбедување отчетност спрема јавноста т.е. обезбедување на механизам за жалби и реакции од јавноста во однос на почитувањето на професионалните и етичките стандарди во емитуваните програми (во овој дел позитивен е чекорот на јавниот сервис да им овозможи на консументите преку електронска адреса: korisnici@mrt.com.mk да имаат можност да ги достават своите идеи, забелешки и сугестии, со што учествуваат во креирањето на програмската шема),
- Обезбедување континуирани обуки и едукација на медиумските работници, особено на новинарите за почитување на професионалните и етичките новинарски стандарди.

Согласно податоците за финансиското работење во 2020 година, Македонската радиотелевизија има реализирано приходи во вкупен износ од 1.012.188.171 денари, што споредено со реализираниот износ од претходната година претставува зголемување од 8,9%. Во вкупниот износ на реализирани приходи, приходите од Буџетот на Република Северна Македонија за финансирање на радиодифузната дејност учествуваат со 84,6%, а остатокот се приходи од услуги, закупнини, донации од Агенцијата за аудио и аудиовизулени медиумски услуги, останати деловни приходи и други приходи.

Истовремено, Македонската редиотелевизија има реализирано вкупни расходи, односно вкупни трошоци и инвестиции во износ од 939.600.349 денари, што претставува намалување од 37,5% во однос на реализираните вкупни расходи во 2019 година, што се должи пред се на намалувањето на вкупните инвестиции на Претпријатието.

Во прилог на Извештајот, доставен е и Извештај на независен ревизор во кој е дадено мислење со резерва поради евидентирано земјиште и градежни објекти за

кои не се обезбедени соодветни документи за сопственост, а воедно и поради неусогласеност на државниот капитал со регистрираната основна главнина во Централниот регистар на Република Северна Македонија. Во однос на наведеното потребно е надлежните органи во Македонската радиотелевизија да информираат за планираните и презамените активности во однос на наодите на независниот ревизор.

## Точка 56

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година и притоа го утврди следново мислење:

Предметниот материјал е во функција на членот 8 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/13, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), согласно кои Агенцијата за својата работа дава отчет пред Собранието со доставување извештај за својата работа, најдоцна до 31 март во тековната година, а кој јавно го објавува на својата веб-страница. Извештајот за работа на Агенцијата содржи Годишен извештај за работа за 2020 година и Годишна програма за работа за 2021 година.

Како најзначајни активности во текот на 2020 година, Агенцијата ги наведува мониторингот на медиумското покривање на предвремените парламентарни избори и предвремените локални избори за градоначалници на општините Штип и Пласница, потоа изработката на студијата „Плурализмот на медиумската сопственост во новото медиумско опкружување" како и исполнувањето на програмските и другите обврски на радиодифузерите, спроведувајќи притоа над 200 програмски надзори.

Агенцијата спровела 102 надзори над работењето на операторите, со кои не се констатирани прекршувања. Исто така, спроведени се десет редовни, пет вонредни и еден контролен надзор над издавачите на печатени медиуми за исполнување на обврските за обезбедување јавност во работењето и објавување на импресум.

Покрај ова, Агенцијата во текот на годината има донесено вкупно четири одлуки, со кои се одобрува спроведување на сопственичката структура на две локални радиостаници, една локална телевизија и една радиостаница на државно ниво. Во меѓувреме се продолжени активностите за поттикнување на медиумската писменост, како и обезбедувањето достапност до програмите за лицата со сетилна попреченост.

Согласно последниот Извештај на Европската комисија за развојот на земјата, треба да се зајакне независноста и капацитетот на медиумскиот регулатор, а Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги дополнително да се усогласи со правото на ЕУ. Со започнувањето на постапките за скриена сопственост и незаконска концентрација на медиумите, според Извештајот треба дополнително да се подобри и меѓуинституционалната соработка. Во однос на претходното, се цени дека Агенцијата треба особено да ги земе предвид препораките на Европската комисија.

Согласно податоците за финансиското работење во 2020 година, Агенцијата има реализирано приходи во вкупен износ од 305.313.000 денари, што споредено со реализираниот износ претходната година претставува зголемување од 11,4 % како резултат на зголемениот пренесен вишок на приходи од претходна година. Истовремено, реализирани се расходи во вкупен износ од 187.966.000 денари, што претставува зголемување од 136,01 % во однос на реализираните расходи во 2019 година, како резултат на зголемени капитални расходи и реализиран износ на помош, донации и други расходи кој во претходната година не е реализиран.

Во прилог на актите за финансиското работење е доставен и Извештај на независниот ревизор во кој е констатирано дека финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно во сите материјални аспекти финансиската состојба на Агенцијата.

Со Финансискиот план за 2021 година, планирани се приходи и расходи во вкупен износ од 125.317.233 денари, при што 54.000.000 денари се планирани како приход од Буџетот на државата, а остатокот се приходи од надоместоци, надзор и други приходи.

## Точка 57

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка за 2020 година и притоа го утврди следното мислење:

Годишниот извештај за работата на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка за 2020 година е во функција на исполнување на законската обврска од член 6 став (1) од Законот за основање на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/2014, 53/2016 и 11/2018), според кој Државната комисија за своето работење поднесува годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија до крајот на март во тековната година за претходната година, за усвојување. Истиот, согласно член 6 став 3 од Законот ги содржи сите потребни податоци со целосна анализа на истите.

Извештајот содржи податоци за реализација на Програмата за работа на Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка за 2020 година и тоа: резиме, вовед, податоци за реализирани активности произлезени од законските надлежности, план за работа и стратешки план, податоци за активностите за подобрување на квалитетот на работењето, податоци за соработка со други институции и меѓународна соработка, податоци за буџетот и завршна сметка, заклучоци препораки и дел со прилози кој содржи статистичка анализа со табеларни и графички прикази на предметите во Државната комисија и завршна сметка.

Согласно податоците, до 31 декември 2020 година, како и прикажаниот габеларен преглед во самиот Извештај, буџетот на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка изнесувал 22.982.000 денари, а неговата реализација изнесувала 21.136.606 денари

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки и дава позитивно мислење по однос на Извештајот за работата на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка за 2020 година.

**Точка 58**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 122 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018), поднесено од пратеникот Соња Мираковска и притоа го утврди следново мислење:

Во одредбата на членот 122 од Законот за високото образование* не постои ограничување во однос на претставниците на основачот во факултетските одбори за соработка и доверба со јавноста.

На Собранието на Република Северна Македонија му е оставена целосна слобода во изборот на претставниците кои ќе ги претставуваат неговите интереси согласно одредбите од Законот за високото образование*.

Воедно, не постои ниту ограничување во поглед на постапката за избор на претставниците.

Имајќи го предвид горенаведеното, Собранието ги избира претставниците по постапка која е соодветна или ќе ја определи за да му обезбеди претставници за кои ќе смета дека соодветно ќе го претставуваат во одборите за доверба и соработка со јавноста на високообразовните установи чиј основач е.

Имајќи предвид дека одредбата од член 122 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18) е прецизна и јасна, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на член 122 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), поднесено од пратеникот Соња Мираковска.

**Точка 59**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 45 став (1) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 82/2018), поднесено од пратеникот Вјолца Адеми и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 45 од Законот за високото образование:

„(1) Агенцијата за квалитет во високото образование (во натамошниот текст: Агенција за квалитет) е самостоен стручен орган со седиште во Скопје.

(2) Агенцијата за квалитет во високото образование има печат кој содржи натпис: Република Македонија - Агенцијата за квалитет во високото образование. Во средината на печатот е грбот на Република Македонија.

(3) Агенцијата за квалитет има посебна сметка.

(4) Средствата за работа на Агенцијата за квалитет се обезбедуваат во Буџетот на Република Македонија и од сопствени извори.“.

Тргнувајќи од посебното уставно значење и карактер на високо-образовната дејност, постои уставна можност со посебен закон да се пропишат телата и органите кои обезбедуваат квалитет на високообразовната дејност во високообразовните установи во Република Северна Македонија, а во тие рамки да се утврдат и статусот, печатот, називот и други обележја на овие стручни тела и органи.

Согласно членот 46 органи на Агенцијата за квалитет се: Одборот за акредитација на високото образование, Одборот за евалуација на високото образование и директорот на Агенцијата за квалитет на високото образование.

Агенцијата за квалитет има стручна служба која ги врши стручните, административните и помошно-техничките работи. Составот, организацијата и начинот на работа на стручната служба на Агенцијата за акредитација се уредува со правилник кој го донесува директорот на Агенцијата за квалитет.

Ваквата одредба е јасна и применлива од аспект дека е прецизно регулирано дека Агенцијата за квалитет во високото образование е самостоен стручен орган, кој има печат, има посебна сметка, а средствата за работа на Агенцијата за квалитет се обезбедуваат во Буџетот на Република Македонија и од сопствени извори.

Органите на државната управа се утврдени во Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), односно во членот 12 е регулирано дека како самостојни органи на државна управа се основаат: Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи; Агенција за млади и спорт; Агенција за иселеништво и Агенција за храна и ветеринарство на Република Македонија.

Како управни организации се основаат: Државен архив на Република Македонија; Државен завод за геодетски работи и Државен завод за статистика. Агенцијата за квалитет во високото образование не е спомената во овој закон ниту како самостоен органи на државна управа, ниту како управна организација.

Имајќи во предвид дека одредбата од член 45 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18) е прецизна и јасна, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на член 45 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 82/2018), поднесено од пратеникот Вјолца Адеми.

## Точка 60

Владата го симна од Дневен ред Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.247/2020 од 25 март и 21 април 2021 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 163 став 3 од Законот за банките.

## Точка 61

Владата ја разгледа Иницијативата доставена од Народен правобранител на Република Северна Македонија, под НП бр.429/21 за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита и притоа укажува дека:

Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20 и 311/20) во деветата глава ги уредува сите битни прашања за вршење на дејноста во установите за социјална заштита, а кои се однесуваат на кадрите во установите, статусот на вработените и групирање на работните места, платите и надоместоците на плата за вработените – даватели на јавна услуга и директорите на јавните установи за социјална заштита, вработувањето и унапредувањето на вработените – даватели на јавна услуга во социјалната заштита, дисциплинската одговорност на вработените, стручното усовршување на давателите на јавни услуги во социјалната заштита, престанокот на работниот однос, лиценцирањето на стручни лица даватели на јавни услуги во установи за социјална заштита кај други даватели на социјални услуги, работното време во установите за социјална заштита, евиденцијата во установите за социјалната заштита.

Во членот 194 од овој закон, е утврдено дека стручните работи во установата за социјална заштита, во зависност од видот на работата, ги вршат стручни работници со високо образование и тоа: дипломиран социјален работник, правник, дипломиран по јавна администрација/јавен менаџмент, психолог, педагог, дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор, социолог, економист, андрагог, логопед, лекар, специјален педагог за превенција ресоцијализација, здравствен работник, воспитувач, стручњак по родова проблематика, семејнолог.

Со членот 197 се утврдуваат категории на работни места на вработените во јавните установи за социјална заштита кои вршат работи од дејноста социјална заштита и имаат статус на даватели на јавни услуги во дејноста социјална заштита, при што со оваа одредба од законот не е опфатено звањето стручњак по родова проблематика, семејнолог.

Согласно цитираните одредби, лицата со стекнато звање дипломиран едукатор по семејни студии (семејнолог) можат да бидат предвидени како лица за вршење на работи за давање на социјални услуги кај други даватели во системот на социјалната заштита.

Владата на Република Северна Македонија ќе ја има предвид Иницијативата за измени на Законот за социјална заштита од страна на Народниот правобранител на Република Северна Македонија при изменување на Законот за социјална заштита.

## Точка 62

Владата ја разгледа Понудата од нотар од Ванчо Андоновски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 1078 за КО Маџари КП бр.1043, Имотен лист бр. 68234 за КО Маџари на КП бр. 1043, Имотен лист бр.8904 за КО Маџари на КП бр.1043 и Имотен лист бр.11579 за КО Маџари на КП бр.1042, со дополнување и по Понудата го усвои новото Известување на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 63

Владата ја разгледа Понудата од нотар Емилија Георгиевска Аџиска од Берово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.8178 за КО Берово на КП бр. 1228, викано место Керамидарка и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 64

Владата ја одложи од разгледување Понудата од нотар Олга Димовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2658 за КО Ѓорче Петров 4 - Влае на КП бр.6819, за наредната седница на Владата, поради потребата Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје да достави мислење по материјалот.

Истовремено, потребно е материјалот да се разгледа на седницата на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 65

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1764 за КО Радовиш на КП бр. 2705 дел 1, викано место/улица Калаузлиска и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 66

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мери Весова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 12174, за КО Сарај, на КП бр. 10710/13 и КП бр.10710/3, викано место/улица Сарај и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

## Точка 67

Владата ја разгледа Понудата од нотар Елизабета Стојаноска од Прилеп, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 5218, за КО Варош, на КП бр. 2012/1, Викано место/улица Тополка и Имотен лист бр. 7173, за КО Варош, на КП бр. 2013/1 Викано место/улица Тополка и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 68**

Владата по Известувањето од извршител Јадранка Јовановска од Куманово за Налог за извршување врз недвижност, доставено под И.бр.929/20, запишан во Имотен лист бр.695 за КО Гиновци и Заклучок за втора усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување) која ќе се одржи на 1 јуни 2021 година, го усвои Мислењето на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

**Точка 69**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Моника Муча од Скопје, доставено под И.бр.194/17, за Налог за извршување врз недвижност, запишана на ИЛ бр.510, за КО Кучково и по Известувањето ги усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 70**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Магдалена Симовска Давидовиќ од Скопје, доставен под И.бр.974/18, за Налог за извршување врз недвижност, запишана во Имотен лист бр.483 за КО Долно Водно, Имотен лист бр.981 за КО Долно Водно и Имотен лист бр.2784 за КО Карпош, со Заклучок за усна јавна продажба и по истото го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски, согласно кое Владата на Република Северна Македонија ќе утврди став дали ќе го користи правото на првенствено купување, по произнесувањето од страна на Општина Карпош и Агенција за млади и спорт.

**Точка 71**

1. Владата го именува Филип Андов, досегашен вршител на должност директор на КПУ Затвор Скопје за директор на КПУ Затвор Скопје и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата го именува Даниел Антоски, досегашен вршител на должност директор на Воспитно – поправната установа, Воспитно поправен Дом - Тетово, за директор на Воспитно – поправната установа, Воспитно поправен Дом - Тетово и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**Точка 72**

1. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-

CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за периодот од 13 мај 2021 до 19 мај 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата по повод донесената Одлука на Уставниот суд на Република Северна Македонија во врска со Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.247/2020 од 25 март и 21 април 2021 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 163 став 3 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр.67/2007, 90/2009, 67/2010, 26/2013, 15/2015, 153/2015, 190/2016, 7/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), го задолжи Министерството за финансии во рок од 15 дена да подготви соодветно изменување на Законот за банките, кој да го достави до Владата.

**3.** Владата го донесе Решението за формирање на Комисија за оценување на пристигнати предлог проекти, врз основа на кои ќе биде доделена финансиска помош, од јавен повик за финансиска поддршка за индустријата и операторите за организација на настани со задолжително ангажирање домашни изведувачи за реализација на настани на теми со кои се одбележува 30 години независност на Република Северна Македонија, во периодот јуни – септември 2021 година, со заклучок текстот на Решението да се дополни со член од Министерството за економија (сектор за туризам), кој Министерството ќе го номинира.

**4.** Владата по повод обраќањето на Националната установа - Охридско лето, до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, заведено под бр.08-3080/1 од 17 мај 2021 година, Владата заклучи:

- согласно член 4 точка 14 од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија да го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија, раздел 04001, програма 1-Администрација, потпрограма 10-Администрација, 464-Разни трансфери да уплати 2.000.000,00 денари на жиро сметка на горенаведениот субјект.

**5.** Владата во однос на Информацијата во врска со потребата од раскинување на Договорот за групна набавка бр. 4606-727/2 од 28.2.2020 година и Договорот за набавка на услуги – одржување на софтвер за полагање испити на државните институции склучен со Друштвото Инвока гроуп ДООЕЛ Скопје бр. 4606-3939/10 од 11.8.2020 година склучен со Инвока гроуп ДООЕЛ Скопје, усвоена на Седумдесет и првата седница на Владата, одржана на 18 мај 2021 година, Точка 77 заклучи донесените заклучоци да се изменат и да гласат:

„1. Ја усвои Информацијата во врска со потребата од раскинување на Договорот за групна набавка бр. 4606-727/2 од 28.2.2020 година и Договорот за набавка на услуги – одржување на софтвер за полагање испити на државните институции склучен со Друштвото Инвока гроуп ДООЕЛ Скопје бр. 4606-3939/10 од 11.8.2020 година склучен со Инвока гроуп ДООЕЛ Скопје.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да го раскине Договорот за набавка на услуги – одржување на софтвер за полагање испити на државните институции склучен со Друштвото Инвока груп ДООЕЛ Скопје бр. 4606-3939/10 од 11.8.2020 година.

3. Се задолжува Мухамед Зеќири, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, согласно Законот за јавните набавки да побара од Бирото за јавни набавки согласност за спроведување на постапка со преговарање без јавен оглас и да склучи договор со оператор со времетраење до завршување на редовната постапка за јавна набавка и склучување на нов договор за набавка на услуги – одржување на софтвер за полагање испити на државните институции.

4. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, по раскинување на Договорот наведен во заклучокот број 2 да започне со редовна постапка за јавна набавка на услуги – одржување на софтвер за полагање испити на државните институции и да склучи нов договор за групна набавка.

5. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, веднаш по извршеното раскинување на Договорот наведен во заклучокот број 2 да ги извести: Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за животна средина и просторно планирање, Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Царинската управа, Агенцијата за катастар на недвижности, Инспекцискиот совет и Академијата за судии и јавни обвинители, дека договорот со Инвока груп ДООЕЛ Скопје е раскинат.

6. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, веднаш по исполнување на обврските кои произлегуваат од заклучоците да ја информира Владата на Република Северна Македонија.“.

**6.** Министерот за економија м-р Крешник Бектеши ги информираше членовите на Владата за степенот на реализација на заклучоците донесени на Седумдесет и првата седница на Владата, одржана на 18 мај 2021 година по повод наводите објавени во јавноста од страна на Истражувачката репортерска лабораторија - ИРЛ за постоење сомневање дека во одреден период во Република Северна Македонија биле увезувани токсични нафтени деривати опасни по здравјето и животната средина, кои при увоз влегувале како мазут и се користеле како гориво за греење во повеќе државни институции, но и како гориво во приватни компании во земјата.

**Точка 73**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи и Ревизија на усогласеност за 2019 година на Јавното претпријатие за комунални дејности „Плаваја“ Радовиш, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата препорачува на Општина Радовиш да го задолжи Јавното претпријатие за комунални дејности „Плаваја" Радовиш да пристапи кон подготвување на Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на Јавното претпријатие за комунални дејности „Плаваја" Радовиш, и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одобрувањето, усвојувањето и потпишувањето на Меморандум за соработка помеѓу АД ЕСМ-Скопје и Гастрејд С.А и помеѓу АД ЕСМ-Скопје и Дамко Енерџи С.А, како материјал за информирање.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на проектот „Изградба на фотонапонска електрана со инсталирана моќност од 10MW во кругот на РЕК Осломеј", како материјал за информирање.

**Точка 76**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво за приредување игри на среќа во државна сопственост, Државна лотарија на Република Северна Македонија, за периодот од 1 октомври 2020 до 31 декември 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 77**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Државниот завод за индустриска сопственост за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 78**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 79**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот од Одборот за надзор на материјално финансиското работење на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 80**

Владата ги разгледа Тримесечниот извештај за работата и материјално-финансиското работење на Акционерското друштво за вршење на енергетски

дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост, за периодот од 1 јули 2020 година до 30 септември 2020 година и Тримесечниот извештај за работата и материјално-финансиското работење на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост за периодот од 1 октомври 2020 година до 31 декември 2020 година, како материјали за информирање.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид мислењата на Министерството за финансии и Министерството за економија.

## Точка 81

Владата ја разгледа Информацијата во врска со ревидираните финансиски извештаи за 2020 година на ТАВ Македонија, како материјал за информирање.

## Точка 82

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување на бесправна сеча на шуми, во период од 1 октомври 2020 до 31 декември 2020 година, како материјал за информирање.

## Точка 83

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување бесправна сеча на шуми, во период од 1 јануари 2021 до 31 март 2021 година, како материјал за информирање.

## Точка 84

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за бројот на издадени електронски изводи од матичните книги преку Националниот портал за електронски услуги за наредната седница на Владата откако претходно истата ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем поради потребата Министерството за правда да достави нов текст на Информацијата, усогласен со Мислењата на Министерството за информатичко општество и администрација и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупција и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси.

## Точка 85

Владата го разгледа новиот текст на Акцискиот план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршената ревизија на усогласеност на реализација на мерките, активностите и политиките за специјализација на здравствените работници во јавните здравствени установи во периодот од 2015 до 2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 86

Владата ја разгледа Информацијата за работењето на Економско - социјалниот совет во 2020 година, како материјал за информирање.

## Точка 87

Владата ја разгледа Информацијата за основање на меѓу-институционална работна група за унапредување на договорната соработка и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжуваат Министерството за економија, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за култура, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за локална самоуправа, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Секретаријатот за европски прашања, Царинската управа, Агенцијата за млади и спорт, Агенцијата за храна и ветеринарство, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и Дирекцијата за заштита и спасување најдоцна до 3 јуни 2021 година до Министерството за надворешни работи да достават номинации за член и заменик член од нивните институции кои ќе учествуваат во работната група и ќе придонесат за унапредување на договорните односи.

## Точка 88

Владата ја разгледа Информацијата за подготовките на првата меѓународна конференција „Западниот Балкан: делот што недостасува за Европа да биде целосна” во рамки на Преспа форумот за дијалог (ПФД) Охрид и Отешево/Преспа, 1-2 јули 2021 година и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Мила Царовска, министер за образование и наука, да вложат дополнителни напори во насока на обезбедување на учество на нивните хомолози на Преспа форумот за дијалог.

2. Се задолжуваат Министерството за култура, Агенцијата за млади и спорт и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија во рок од три дена да номинираат член и заменик член во работната група за Преспа форумот за дијалог.

3. Се задолжува Министерството за култура во координација со Министерството за надворешни работи, најдоцна до 4 јуни 2021 година да подготви Предлог-културна програма предвидена за 2 јули 2021 во Охрид.

4. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди:

а) патнички возила, миниvани/комби и автобуси за превоз на делегациите на дестинациите Скопје - Охрид - Скопје, Скопје – Отешево - Скопје и Охрид - Отешево - Охрид и

б) потребен број знамиња од странски држави, во димензии за користење на јарбол, во затворена просторија, како и мала димензија за на маса.

5. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите потребни безбедносни мерки и активности поврзани со одржувањето на настанот.

6. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи и Царинската управа да овозможат непречен граничен премин на ВИП личностите и на членовите на делегациите на патничките гранични премини и на аеродромите во Скопје и Охрид, во деновите 29 и 30 јуни 2021 година како и на 1, 2 и 3 јули 2021 година.

7. Се задолжува Комисијата за заразни болести во рок од 10 дена да подготви посебен протокол за одржување на настанот во Охрид и Отешево/ Преспа, за во затворен и за отворен простор.

8. Се задолжува Министерството за здравство во рок од 10 дена да определи здравствена установа во Охрид и во Отешево/Ресен, со контакт лица од медицинскиот персонал кои ќе бидат во служба во деновите 30 јуни 2021 година и 1, 2 и 3 јули 2021 година, како и да обезбеди дежурна медицинска екипа и амбулантни возила на локациите на одржување на настанот во Охрид и Отешево/Преспа.

9. Се препорачува на Општина Охрид и Општина Ресен да обезбедат возила за противпожарна заштита и дежурни против пожарникарски екипи за време на одржување на настанот во Охрид и Отешево/Преспа.

## Точка 89

Владата ја разгледа Информацијата за укинување на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги ПХАРМА ЕУ ЛЛЦ увоз-извоз ДООЕЛ Битола – Подружница ПХАРМА ЕУ ЛЛЦ Прилеп, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги ПХАРМА ЕУ ЛЛЦ увоз-извоз ДООЕЛ Битола-Подружница ПХАРМА ЕУ ЛЛЦ Прилеп, со заклучок предлагачот текстот на Одлуката редакциски да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Притоа, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, не присуствуваше на седницата на Владата при расправата и одлучувањето по

однос на овој материјал и беше иземен, врз основа на одредбите од член 73 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот во активностите за воспоставување кохерентна институционална структура на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби од централната власт и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за локална самоуправа, Министерството за финансии, Министерството за образование и наука, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за култура, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Министерството за надворешни работи, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство најдоцна до 27 мај 2021 година да ги потврдат извештаите со предлог препораки за реорганизација и да го информираат Министерството за информатичко општество и администрација.

2. Министерствата кои нема да ги потврдат извештаите од заклучокот број 1 во наведениот рок, ќе се смета дека се согласни со нивната содржина.

**Точка 91**

Владата ја разгледа Информацијата за укинување на Решението за давање на одобрение за одгледување на коноп за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги МЕДИЦАЛ 420 увоз-извоз ДОО Битола, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на коноп за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги МЕДИЦАЛ 420 увоз-извоз ДОО Битола, со заклучок предлагачот текстот на Одлуката редакциски да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Притоа, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, не присуствуваше на седницата на Владата при расправата и одлучувањето по однос на овој материјал и беше иземен, врз основа на одредбите од член 73 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

**Точка 92**

Владата ја разгледа Информацијата изготвена од Јавното претпријатие за државни патишта и Министерството за транспорт и врски, а во врска со изготвување на Електронски Картички (М-Смарт Кард) за патнички моторни возила на туристи од Република Србија кои би транзитирале на Коридор 10 за време на летната сезона (15.6.2021 до 15.8.2021 година) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да префрли средства во износ од 172.000.000,00 денари за набавка на 200.000 М- Смарт Кард на сметка на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта да изврши сукцесивна испорака на предвидените количини на М-Смарт Кард.

3. Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта, откако ќе заврши Проектот, во случај на неискористени средства, истите да ги врати на сметката на Буџетот на Република Северна Македонија.

4. Се задолжува Министерството за внатрешни работи изработените М-Смарт Кард да ги распределува на возилата со српски туристи кои ќе влегуваат на територијата на Република Северна Македонија преку Граничниот премин Табановце.

5. Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за државни патишта, врз основа на протокот на возила на граничните премини сукцесивно да ја утврдуваат динамиката на нарачка и плаќање на електронските картички (М-Смарт Кард) и за истото да ја информираат Владата.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **Мухамед Зеќири** | **Зоран Заев** |